**ПРОПОЗИЦИИ**

**ДРЖАВНО ПОЕДИНЕЧНО U23 ПРВЕНСТВО ВО КУГЛАЊЕ на Македонија за 2022**

**08.12.2022, Битола**

1. Организатор на државното U23 првенство на Македонија - 2022, е КФСМ
2. Државното поединечно U23 првенство ќе се одржува во Битола на 8 декември и ќе биде првенство со два настапа на секој кандидат. Ќе се игра по терк на Светскиот Куп во Ријека т.е. два настапи со пауза. Се игра стандардно 2 х 120 кугли по натпреварувач. Победник е оној кој ќе собори највеќе чуњеви вкупно од двата настапи. Најдобрите во машка и женска конкуренција ќе се стекнат со титулата ДРЖАВЕН ПОЕДИНЕЧЕН ПРВАК ВО КУГЛАЊЕ, ДО 23 ГОДИНИ НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 година и ќе има право да ја претставува Македонија на престојниот Светски Куп во Ријека, 2023 година.
3. Право на настап имаат сите куглари и кугларки кои се родени помеѓу 01.07.1999 и 9.02.2007 година. Кандидатите можат но и не мораат да имаат натпреварувачка книшка. Доколку немаат натпреварувачка книшка мора да имаат валиден лекарски спортски преглед не постар од 1 година.
4. Распоредот за настап на играчите на државното паровно првенство ќе се одреди по пат на ждрепка. Вторите настапи ќе бидат согласно учинокот од првиот настап, со пауза од најмалку 60 минути помеѓу настап.
5. Во случај на постигнат ист вкупен резултат, победник е оној кој има вкупно подобро чистење. Доколку и тој критериум е еднаков, победник е оној кој има вкупно помалку промашени удари. Доколку и во тој случај нема победник, ќе се игра на три кугли по натпреварувач во полни, се додека нема победник.
6. Котизација за учество: 250 денари.

Оператор на КФСМ: ЗГ „Кугларски клуб Вардар 2014 Скопје – наменска сметка

2100 6949 8350 263, НЛБ Банка.

7. Пријавувањето е можно само со платена котизација која ќе биде проследена со пријавата во прилог. Пријавувањето го прави клубот за кои се регистрирани со писмена пријава до КФСМ или самостојно на kfmacedonia2010@gmail.com најдоцна до 01.12.2022 година, до 23.59 часот. Пријаввањето после оваа дата, ќе изнесува 500 денари.

8. Организаторот ќе обезбеди медали и дипломи за првите три кандидати во машка и женска категорија. Истите свечено ќе бидат предадени по завршување на вториот натпреварувачки ден.

9. Првенството ќе го спроведат лиценцирани судии од Битола.

10. Во случај на нерегуларност или кршење на кугларско правило, натпреварувачот или претставникот на клубот (тренер) има право да поднесе жалба и за истата се депонира 1000 денари до судиите. Доколку истата биде усвоена, се враќаат средствата, доколку не се усвои, судиите средствата ги уплаќаат на операторот на КФСМ.

Скопје,22.11.2022 година

ИЗВРШЕН ОДБОР НА КФСМ